# 50 РАСКАЗИ
# (ИЗБОР ОД 10 ЗБИРКИ РАСКАЗИ)

---

Жил Менар

Изданието е финансиски поддржано од Министерството за култура на Република Северна Македонија

БИБЛИОТЕКА – **Наше маало**

Главен уредник
**Филип Димевски**

Уредник на едицијата
**Андреј Јованчевски**

Наслов на оригиналот
**Жил Менар, 50 РАСКАЗИ (Избор од 10 збирки раскази)**

**© Жил Менар, 2019**
**© Бегемот, 2019**

**Фотографии** Исак Перин (Unsplash)
**Илустрации** Надја Леклерк **(**Sofia Grigoriadou)

Лектура
**Ирена Ралева**

Јазична редакција
**Филип Димевски**

Компјутерска обработка
**Бегемот**

Графичко уредување
**Наталија Лукомска**

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

# 50 РАСКАЗИ
# (ИЗБОР ОД 10 ЗБИРКИ РАСКАЗИ)

---

Жил Менар

Бегемот

Скопје, 2019

СОДРЖИНА

НЕКОИ НЕРЕШЕНИ ПРАШАЊА ОКОЛУ
ЕДЕН АВТОР И НЕГОВОТО ДЕЛО ........ 7

ИЗБОР ОД 10 ЗБИРКИ РАСКАЗИ ........ 15

I ДРУГА КНИГА (Невидливите тежини и
лесноти на секојдневието) (2008) ........ 17
„ДРУГА КНИГА“ ИЛИ МОКРИ ЗАПИСИ
ОД МЕЃУПРОСТОРОТ ИМАГИНАЦИЈА-ЈАВЕ ........ 19
ТОЧКА ВО ДАЛЕЧИНАТА ........ 23
КУЧИЊА ........ 24
ПАЛТО ........ 25
ДРУГА КНИГА ........ 27
СЀ ........ 28

II ГР$_{Д}$АД (2010) ........ 29
КОН ЗБИРКАТА „ГР$_{Д}$АД“ ОД ЖИЛ МЕНАР ........ 31
ГОЛЕМИОТ ПРИНЦ ........ 35
ВКОЧАНЕТ ГЛЕДАМ КОН ОБЛАЦИТЕ ........ 37
ЛОШИ ЛУЃЕ ........ 39
ПОВЕЛЕТЕ, ВЛЕЗЕТЕ ........ 40
ОНА ШТО БИЛО НЕБО ........ 42

III AGAINST THE SUN (2011) ........ 45
КОН ЗБИРКАТА КРАТКИ РАСКАЗИ
„AGAINST THE SUN“ ОД ЖИЛ МЕНАР ........ 47
STUCK IN THE MIDDLE ........ 51
GREAT EXPECTATIONS ........ 53
PLAY IN REVERSE ........ 55
SOMEWHERE I BELONG ........ 57
DON’T LOSE YOUR FAITH IN HUMANKIND ........ 59

IV НЕНАДЕЈНО (2012) ........ 61
НЕНАДЕЈНО – ПРИКАЗНИ ЗА ЉУБОВТА И СМРТТА
(КОН „НЕНАДЕЈНО“ НА ЖИЛ МЕНАР) ........ 63
НЕНАДЕЈНО ........ 67
ТАТКО ........ 69
ЖИРИ ........ 71
НЕИЗБЕЖНО ........ 73
НАЈУБАВОТО ДОАЃА НА КРАЈ ........ 76

V СИТЕ СУДБИНИ НА ЕДИП (2013) ........ 79
КОН ЗБИРКАТА „СИТЕ СУДБИНИ НА ЕДИП“
ОД ЖИЛ МЕНАР ........ 81
ПРВА ПРИКАЗНА ЗА ЕДИП ........ 85
ТРЕТА ПРИКАЗНА ЗА ЕДИП ........ 87

ЧЕТВРТА ПРИКАЗНА ЗА ЕДИП ........ 89
ПЕТТА ПРИКАЗНА ЗА ЕДИП ........ 91
СЕДМА ПРИКАЗНА ЗА ЕДИП ........ 93

VI МОЈАТА НОВА ДЕВОЈКА
(раскази против пишувањето) (2014) ........ 95
ВРЕДИ ЛИ ДА СЕ ПИШУВА?
(КОН „МОЈАТА НОВА ДЕВОЈКА“ НА ЖИЛ МЕНАР) ........ 97
МОЈАТА НОВА ДЕВОЈКА ........ 101
СПОРЕДБА ........ 103
НЕ Е УБАВО ........ 104
ЗАВИСНОСТ ........ 105
АНТИТАЛЕНТ ........ 107

VII ЧУДЕСНИ ЗЕМЈИ (2015) ........ 109
КОН ЗБИРКАТА „ЧУДЕСНИ ЗЕМЈИ“ ОД ЖИЛ МЕНАР ........ 111
ЗЕМЈАТА НА ВОЛШЕБНИОТ ОСТРОВ ........ 119
ЗЕМЈАТА НА КЛОПЦИТЕ ........ 131
ЗЕМЈАТА НА ВИСЕЧКИТЕ ВОЗОВИ ........ 139
ЗЕМЈАТА НА КАТАКОМБИТЕ ........ 151
ЗЕМЈАТА ЗА МЛАДИТЕ ВОЈСКОВОДЦИ ........ 161

VIII ЧИНКА (2015) ........ 165
КОН ЗБИРКАТА РАСКАЗИ „ЧИНКА“ ОД ЖИЛ МЕНАР ........ 167
ЛИЛИЕН ........ 171
ВЕРНОСТ ........ 175
СВИЛА ........ 184
ПОСТЕЛА ........ 190
ДАР ........ 198

IX МОСТ-СЛОЖУВАЛКА (2016) ........ 207
ЗА ЛЕКОВИТАТА СЛОЖУВАЛКА НА ЖИЛ МЕНАР ........ 209
ДЕНОТ КОГА ГО ОТКРИЛЕ СТАКЛОТО ........ 213
ОСВОЈУВАЊЕ НА СВЕТОТ ........ 215
ИЗВОРОТ НА ТВОЈОТ ГЛАС ........ 217
ОД ДРУГАТА СТРАНА НА СЕНКАТА ........ 219
МОСТ-СЛОЖУВАЛКА ........ 221

X НАДВОР ОД ЛАВИРИНТОТ (2017) ........ 223
ВО И ВОН НАРАТИВНИТЕ ЛАВИРИНТИ ........ 225
ВТОРА ПРИКАЗНА ЗА ДЕДАЛ И ИКАР ........ 229
ТРЕТА ПРИКАЗНА ЗА ДЕДАЛ И ИКАР ........ 231
ЧЕТВРТА ПРИКАЗНА ЗА ДЕДАЛ И ИКАР ........ 232
ПЕТТА ПРИКАЗНА ЗА ДЕДАЛ И ИКАР ........ 233
ШЕСТА ПРИКАЗНА ЗА ДЕДАЛ И ИКАР ........ 235

## НЕКОИ НЕРЕШЕНИ ПРАШАЊА ОКОЛУ ЕДЕН АВТОР И НЕГОВОТО ДЕЛО

Поминував летово, со кола, покрај Росоман и видов, покрај патот, едно девојче што продава праски. Позната е, се разбира, мојата алчност по овие летни плодови. Застанав и купив десет крупни, сочни праски, по малку презреани. (Чудно, зошто токму десет? Тој број ќе ја покаже, набргу, својата моќ во натамошниот развој на настаните). Девојчето, поради нешто, немаше најлон-кесе (уште подобро, си реков, и така ова загадување на планетава со пластика добива застрашувачки размери!) и ми ги завитка – како што тоа се правело порано – во весник. Малку подоцна, застанав крај една чешма да ги измијам праските и притоа успеав да го навлажнам весникот, а во парчето што остана суво прочитав еден „допис на читател“ (какви што веќе одамна не се печатат). Имам (лош?) обичај да читам стари весници кога ќе ми паднат под рака, оче-

кувајќи, секогаш, дека ќе налетам на некој податок што ќе ми овозможи нов агол на гледање на навидум обичните настани. Овој пат, очекувањето беше оправдано: беше тоа еден краток текст, на некој читател потпишан како Исток (можеби псевдоним?), кој ја изразуваше својата „возбуда“ од средбата со книгата „Чинка“ од некој „писател на куси раскази“, кој се викаше Жил Менар. Го скинав тоа парче од весникот (единственото што остана суво) и го ставив в џеб – веднаш бев поттикнат да ја побарам книгата на овој писател за кој дотогаш не бев чул, сметајќи дека одушевувањето на овој читател сигурно не е без основа. За да не се повторувам – вие тоа парче од весникот ќе го најдете на крајот од книгава. Имаше нешто во тој текст што ветуваше нешто невообичаено, нешто надвор од секојдневните доживувања; во него имаше некаква чудна искреност, нешто наивно но убедливо, потреба да се соопшти нешто исклучително, како праќање шише со порака внатре, негово препуштање на морските бранови и струи – ги знаеме тие нешта од романтичните романи со авантури, нели. И – јас бев тој што го наоѓа шишето на некоја плажа, го отвора...

Штом пристигнав во Скопје, се јавив на десет (ете, пак тој број!) мои помлади пријатели за кои знаев дека ја следат нашата книжевна ситуација, која станува сè понепрегледна, со издавачи што

се јавуваат и исчезнуваат преку ноќ, со изданија што никаде не можат да се купат, што остануваат незабележани, без видлива трага, за кои ниеден критичар не покажува заинтересираност... Тие ме уверија дека ќе се погрижат да ми ја најдат книгата (или книгите?) на овој писател за кој како нешто да чуле, некаде нешто прочитале, некој нешто им кажал – не беа сигурни, но тоа име – ми кажаа сите – не им е непознато, ќе треба само да се распрашаат, да побараат некои „референци“ (младите уживаат да употребуваат такви модерни изрази), да поразговараат со издавачи, тие имаат начини да дојдат до информации, постои и Интернет, не можете ни да си замислите што сè можете да најдете таму!

И навистина, во првите денови на есента се сретнав со сите нив (одделно со секого, се разбира) и тие сите имаа за мене убави новости – секој ми рече дека нашол нешто и дека потрошил многу време и труд, но, ете, тоа се исплатело – се запознале со дело на еден писател кој навистина и за нив бил откритие. Книгите не успеале да ги најдат, но – преку разни врски – добиле фотокопии од нив, направиле избор и – дури – напишале по еден краток текст со своите впечатоци од таа средба.

Имаше во тоа нешто чудно: секој од овие мои млади пријатели беше нашол друга книга од истиот автор. Сè на сè – десет книги. (Ете, пак таа

бројка!) Тоа беше по малку необично. Помислив, во еден миг, дека секоја од тие книги можеби има друг автор, т.е. дека станува збор за десет автори од кои секој го зел псевдонимот – Жил Менар. Но ја отфрлив речиси веднаш таа претпоставка, бидејќи во една мала литература, како што е нашата, можноста во неа да се појават десет автори со ист псевдоним навистина е рамна на нула. Потоа во мене се појави едно посериозно сомнение: помислив дека овие мои пријатели премногу лесно ми ветиле дека ќе ми помогнат, па потоа, откако се увериле во тешкотиите на ветениот потфат, решиле (секој одделно или сите заедно?) да напишат по дел од тие божем најдени книги, дури и кратки прикази за нив, сето тоа за да ми покажат дека не напразно ги дале своите ветувања. Но, по кусо двоумење, сфатив дека не можам да се сомневам во сериозноста на овие веќе познати и афирмирани интелектуалци, и дека сигурно би им било далеку полесно да ми признаат дека не успеале нешто да најдат, отколку да се впуштат во мачно и комплицирано измислување на непостоечки дела.

Сите тие недоумици околу делата на Жил Менар произлегуваа од тоа што се покажа дека до него не може да се дојде: имаше тврдења дека некои го познавале, но кога ќе им се обратев – сам или преку пријателите на нивните пријатели – испаѓаше дека тие само чуле за него, или

дека имале познати кои некогаш го виделе, или дури и се запознале со него, но дека сега и нив ги нема – отпатувале во странство или исчезнале, кој ќе ги знае каде. Чув и приказна дека и самиот тој, таинствениот Жил Менар, заминал некаде во некоја далечна земја и дека дури зел друго име – се ширеа гласови дека сега таму објавува на друг јазик, но сето тоа не можеше да се провери. Приказната за некојси наш Рембо, кој, по десетте несомнено мошне успешни книги, напуштил сè и заминал на Нов Зеланд да чува овци, беше несомнено романтична и полна привлечност, но не оставаше впечаток на веродостојност.

Потоа ми остана можност за уште една претпоставка: дали тој е некаде тука, меѓу нас, едноставно замаскиран под обвивката на неупадливост, прикриен под преземената маска на анонимност и дека го чека само својот миг за да се појави и да рече: Еве сум! Сте ме барале?

Во меѓувреме, јас и моите пријатели, кои се застапени како рецензенти на десетте објавени дела на Менар и како приредувачи на ова издание, во кое е претставен „избор од 10 збирки раскази“ на овој автор, решивме да вложиме напори да ги објавиме овие кратки прози, за кои сме убедени дека заслужуваат да бидат спасени од заборавот, и да чекаме.

Во најново време ми се случија две работи што вредат да бидат спомнати.

Прво – еден пријател, голем библиофил и собирач на ретки изданија, запознат со мојата потрага по книгите на Жил Менар, одеднаш ми донесе – мислејќи дека ќе ми приреди големо изненадување – една антологија на наши млади автори со наслов „Ветерот носи убаво време“, во која беше сместен и расказот „Мојата нова девојка“ од истоимената збирка од Жил Менар. Но, во оваа антологија под овој расказ беше потпишан извесен Живко Грозданоски. Освен тоа, мојот пријател ми донесе уште пет книги од овој Грозданоски: „Песок и свила“ (издание на гимназија Нова, 2005, „Отпечатоци врз коцки мраз“ (Темплум, 2009), „Приказни за тревите“ (Антолог, 2011), „Куфер за тројца“ (Или-или, 2014), уште еднаш: „Отпечатоци врз коцки мраз“ (Темплум, второ дополнето издание, 2016) и „Последното име на иднината“ (Антолог, 2018). Не ми требаше многу време да утврдам дека станува збор за вешти мистификации: некој, користејќи ја непроѕирната аура што го обвиткуваше името на Жил Менар, се обидуваше да се потпише под еден од неговите раскази и да внесе хаос во информациите за овој автор и со тоа, најверојатно, да постигне некакви матни, само нему познати цели.

И, второ – на една книжевна приредба, навечер, во мешаницата на непознати, полупознати и сосема непознати лица, ми пристапи еден млад

човек кој се претстави како Живко Грозданоски и кој почна, доста збркано, да зборува за себе и за своите книги. Наоколу имаше голема врева и не сум сигурен дали разбрав сѐ од она што тој го зборуваше. Но едно беше сигурно: многу настојуваше да ме убеди дека токму тој е Жил Менар, обидувајќи се однапред да ги разбие сомневањата во тоа – како и самиот да поаѓаше од претпоставката дека неговите тврдења можат да ги предизвикаат. Се разбира, не му поверував. Толку пати сме читале (кај Борхес, а и кај други) за итростите што се применуваат при обидите за замена на местата помеѓу оригиналот и симулакрумот!

И уште нешто: додека непознатиот ме убедуваше дека е Жил Менар, покрај него стоеше едно девојче кое одвреме-навреме го повлекуваше за ракавот, потсетувајќи го дека треба да побрзаат. „Нели рековме во десет?“ повторуваше молбено, но упорно. Речиси сум сигурен дека во него го препознав девојчето што летово, крај Росоман, ми ги продаде оние десет праски од почетокот на овој текст.

Влада Урошевиќ
ноември, 2018 г.

ИЗБОР ОД 10 ЗБИРКИ
РАСКАЗИ

I

# ДРУГА КНИГА

## (Невидливите тежини и леснотии на секојдневието)

(2008)

## „ДРУГА КНИГА“ ИЛИ МОКРИ ЗАПИСИ ОД МЕЃУПРОСТОРОТ ИМАГИНАЦИЈА-ЈАВЕ

Ретко се зафаќам со пишување осврти, особено за непознати автори, оти голема е веројатноста дека ќе бидам строга, па дури и „сурово“ реална... Едноставно не љубам незаслужено да навезам куп пофалби. Уште полошо, ме ужасува помислата дека потоа нив ќе ги врамат ко скапоцени старински гоблени во своите дневни соби, за да можат да се перчат ко пауни со својот талент...

Сепак, направив исклучок и решив да напишам осврт за оваа толку секојдневна, (не)обична и природна „Друга книга“, ракопис кој, замислете во 18-та година од 21 век, ера на врвна ИТ, ми стигна по класична пошта. Претходно успеав да дојдам до фотокопија од збирката, но нејзиниот квалитет беше ужасен. А самиот ракопис, не знам кој ми го испрати. Како и да е,

бев буквално вџашена кога во моето 'рѓосано и искршено сандаче го најдов врзопот хартија од непознато потекло, целосно мокар и одвај читлив... Небаре археолог што открил некаков редок артефакт, возбудено се зафатив за предизвикот да ги расветлам и обзнанам мистериите врзани за него. Најнапред успеав во разлеаното мастило да го распознаам името на авторот, некојси Жил Менар. Потоа, со тешки маки, ги издвоив оние помалку оштетените писанија и идентификував дека се работи за кратка проза. Одвај пет целосно читливи текстови, од вкупно четириесетина кратки расказа начкрабани со докторски мистичен, наместа циничен ракопис по водените страници... Останатите морав да ги составувам и да ги претпоставувам како делови од сложувалка... Расфрлани неочекувани наслови како „Тегла“, „Излет“, „Сирената од Кордоба“, „Ураганот Ема“, „Сини корали“, „Стапалки по песокот“, „Патопис од едно патување“, „Парфемот на туристката“, „Виолинистот Виктор“... Боже мој, како да кажам, од каде да почнам?... Не знам дали бев повеќе зачудена или восхитена од „невидливите тежини и леснотии на секојдневието“ (тоа стои како поднаслов на збирката) распослани толку самоуверено, а неопитно во редовите пред мене. Овие мокри записи се брануваат во меѓупросторот имагинација-јаве и го

заплиснуваат читателот, дури и оној искусниот, со изненадувачка спонтаност и непредвидливост што предизвикува некој вид фатаморгана во реалноста. Загледувајќи се во својот одраз во огледалото, ја препознав онаа иста силуета која стана „точка во далечината“ во истоимениот расказ. Ги пребарав плакарите и во нив ги најдов тесното палто од прапрадедо ми и неудобниот фустан што толку го сакала прапрабаба ми за кои ми раскажуваше татко ми кога бев мала, а беа толку точно опишани во расказот „Палто“, поместен во оваа друга книга. Во дворот најдов куп коски кои ги душкаше мојот љубопитен пес пред да заспие. Погледнав кон полиците: на едната полица има сувенири, на другата има затворено шишенце, а на третата нема ништо (баш како во книгата!). Се насмевнав кога сфатив дека, всушност, јас сум токму таа девојка што во еден од расказите чита книга на брегот и низ секој нареден живот почнува одново да чита „друга книга“. Мене некој ми го испрати ракописот, но на оној што ќе ја најде оваа книга топло му препорачувам да се нурне во овие редови и да не се плаши од нив. И покрај силната имагинативност на расказите, во овие приказни секој може и самиот да се пронајде...

Можам да заклучам, според изнесеното во оваа збирка, дека од овој автор, Жил Менар, кој

е целосно непознат на нашата книжевна сцена или во книжевната историја воопшто, сигурно ќе се појават и други ракописи за кои допрва ќе се пишува.

Искра Донева

## ТОЧКА ВО ДАЛЕЧИНАТА

Човекот лежи на пространа, неподносливо осветлена пуста рамнина и мижуркајќи ја следи силуетата на една девојка што му се доближува. Штом ќе дојде до него, таа ја наведнува главата, а тој се врти и легнува на грб. Ги затвора очите, ја превиткува едната рака и ја раскопчува својата кожа од грлото до папокот. Девојката се наведнува, се склопчува и влегува во него, а тој ја затвора својата кожа и заспива како никогаш порано. По извесно време, чувствува студ во градите и во утробата. Се буди. Се подигнува на лактите и ја забележува својата раскопчана кожа. Во далечината – една силуета се претвора во точка.

## КУЧИЊА

Изгладнето куче чекори нагоре по должината на брегот на реката. Наоѓа месо, го душка и насетува дека е од некое друго куче. И, бидејќи кучињата знаат да почувствуваат жал, ова куче ја наведнува главата, ја остава мршата зад себе и продолжува. Погоре наоѓа друг леш. Насетува дека и тој е кучешки, ја наведнува главата и одново зачекорува по брегот. Се надева дека ќе најде храна. И навистина, пак наоѓа месо; го мириса, сфаќа дека е посвежо, но не му треба многу за да сети дека и тука веќе почнало да скапува некое жално куче. Жал му е, но продолжува. Малку погоре, одеднаш почнува да чувствува силен замор. Легнува да спие.